Уп. бр. 08-117

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Интернешенал Пејпер Компани, со седиште на 6400 Поплар Авенуе, Мемфис, Тенеси 38197, Соединети Американски Држави, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 13.09.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Интернешенал Пејпер Компани, со седиште на 6400 Поплар Авенуе, Мемфис, Тенеси 38197, Соединети Американски Држави има намера да стекне самостојна контрола директно над, ДС Смитх Плц, со седиште на 3 кат, 1 Педингтон Сквер, Лондон, Обединетото Кралство W2 1DL по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 12.08.2024 година, а дополнето на 30.08.2024 година,, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Интернешенал Пејпер Компани, со седиште на 6400 Поплар Авенуе, Мемфис, Тенеси 38197, Соединети Американски Држави со која Интернешенал Пејпер Компани, има намера да стекне самостојна контрола

директно над, ДС Смитх Плц, со седиште на 3 кат, 1 Педингтон Сквер, Лондон, Обединетото Кралство W2 1DL по пат на стекнување на акции

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием, и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Интернешенал Пејпер Компани е глобално и водечко друштво за хартија и амбалажа, активна во производството на амбалажа на база на обновливи влакна, целулоза и производи од хартија, вклучувајќи обложен и необложен картон, картонски табли и брановидна амбалажа.

Интернешенал Пејпер Компани нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија, но е присутна во Северна Македонија преку продажба на увезени влакна од целулоза.

ДС Смитх Плц е крајното матично друштво на ДСС Групацијата („**Групата ДСС**"). Групата ДСС е меѓународен снабдувач на одржливо пакување базирано на влакна главно во Европа и Северна Америка, кое е поддржано од операции за рециклирање и правење хартија.

Групата ДСС вклучува едно регистрирано поврзано друштво – Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС Смитх АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. 1632 бр.1, Скопје – Гази Баба, Гази Баба, Северна Македонија. и со регистрираната дејност ДС СМИТХ АД – Производство на брановидна хартија и картон и на амбалажа од хартија и картон. Поконкретно, ДС Смит АД е присутна во Северна Македонија со понуда на брановидни пакувања

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**